# КОНКУРЕНТНА И ИНОВАТИВНА ЕКОНОМИЈА

## СТРАТЕГИСКА ОБЛАСТ

# КОНКУРЕНТНА И ИНОВАТИВНА ЕКОНОМИЈА

**Националната развојна стратегија** (НРС) е долгорочен стратегиски документ, кој со инклузивен, аналитички и партиципативен пристап ќе „произведе“ аполитичен, инклузивен, долгорочен, развоен документ, со утврдени приоритети во интерес на општеството и државата.

Преку современи и иновативни модели на развој, приспособени на домашниот контекст и засновани на широка и значајна консултација со сите засегнати страни, овој стратегиски документ ќе даде јасна визија за планирана и сигурна иднина за да се отслика меѓугенерациски, родов, меѓуетнички, меѓупартиски и долгорочен консензус за приоритетите на државата, со цел да се обезбеди инклузивен, зелен и одржлив развој за сите, а особено за ранливите категории луѓе.

Искрено ви благодариме што сте дел од процесот на креирање на НРС во областа „Конкурентна и иновативна економија“. Очекуваме ваш сериозен придонес во детектирањето на главните предизвици, причини и ефекти кои попречуваат развој на конкурентна и иновативна економија во нашата земја, и воедно да влијаете во дефинирањето на чекорите кои треба да ги направи нашата држава во наредните 20 години за да обезбедиме подобра иднина за нашите деца.

Во табелата подолу дадени се само неколку насоки во кои треба да се движи дискусијата и работата на денешната работилница. За некои од ставовите може да имате потврден, но и спротивен став. Очекуваме ваше целосна соработка и креативност во предлозите и идеите за подобрување на конкурентноста и иновативноста на домашната економија за наредните 20 години.

Ви благодариме,

*Оперативен тим задолжен за подготовка на Националната развојна стратегија*

| ПРЕДИЗВИЦИ | ПРИЧИНИ | ЕФЕКТИ | ПРОМЕНИ ВО ОПШТЕСТВОТО – СИСТЕМСКИ ПРИСТАП |
|---|---|---|---|
| **Низок квалитет на работната сила**<br><br>**12** | ***Слаб квалитет на сите нивоа образование:***<br>**Предучилишно образование:**<br>- Недоволен опфат на деца за згрижување во градинки (мора некој родител или баба/дедо да го чува детето)<br>- Потребен е поголем фокус кон креативноста уште на најмала возраст<br>**Основно образование:**<br>- Недоволно квалитетни наставници<br>- **Недостаток на континуирано образование за наставен кадар**<br>- Чести промени на образовните системи (програми/курикулуми) - (премногу реформи – нема доволно време да се видат резултатите од претходната реформа)<br>- Отсуство на критичко размислување, се бара само меморирање на податоци и сл.<br>- Застарени образовни програми по одредени дисциплини<br>- **Недостиг на мерит заснован систем ( во сите нивоа за образование) – систем на заслуги**<br>- **Родови стереотипи во старите наставни програми и учебници**<br>- | - Ниска продуктивност на трудот<br>- Ниски плати што создаваат незаинтересираност на работната сила за подобар учинок<br>- Релативно слаби знаења на ученици пред запишување на повисок степен на образование<br>- Слаби резултати кај учениците од PISA и други меѓународни тестирања<br>- Силни диспаритети помеѓу резултатите на ПИСА кај учениците од различните региони<br>- Диспаритети на меѓународни тестирања меѓу момчињата и девојчињата<br>- Ниско ниво на трансфер и примена на знаење во производните сектори и воопшто работните места<br>- Потребни доквалификации за соодветно користење на вработената (млада) работна сила | - Развој на сеопфатна стратегија за образование како дел од НРС и тука високо квалитетна образовна реформа, но треба да се причека да се видат резултатите од истата (Стратегија постои до 2025, проблем е имплементација)<br>- **Политички консензус и** почитување и следење на клучните стратегии од сите политички партии без оглед на тоа кој ја донел<br>- Системски пристап во воведување на програма за пресретнување на регионалните и родовите диспаритети во постигнувањата на меѓународните тестирања<br>- Постојан фокус на континуирано учење (образование): преквалификација / доквалификација<br>- **Квалитетно и инклузивно образование на сите нивоа**<br>- **Ефикасен систем на доживотно образование**<br>- Континуирано инвестирање во образованите институции **како процент од БДП**<br>- Фокус на сертифицирање / акредитација на програми и за формално и неформално образование - **Забрзување на постапката за сертифицирање**<br>- Поврзување со меѓународни професионални провајдери на знаење **со учество на државата**<br>- Стипендии за наставничките факултети<br>- **Инвестирање и одржување научноистражувачки центри со** лаборатории за креирање на иновации<br>- **Иновациски еко систем**<br>- Зголемување на бројот на асистенти **на факултетите (особено техничките)**<br>- Поголема поддршка од државата за **подготовка и** кофинансирање на ЕУ проекти |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -<br>**Средно образование**<br>- Незаинтересираност на учениците за стекнување квалитетно образование<br>- Подобрите ученици одат во гимназија, а не во стручни училишта<br>- Сеуште недоволна практична работа во средните училишта<br>- Неусогласеност на концепциите за средно и за основно образование<br>- Застарени и несоодветни програми за средно гимназиско образование<br>- Матурскиот испит ја губи својата смисла затоа што постои недоследност во споредувањето и резултатите не ги отсликуваат знаењата на учениците<br>**Високо образование:**<br>- Застарени наставни програми<br>- Недоволно искористени можности за студентска мобилност кон ЕУ<br>- Слабо опремени лаборатории<br>- Ниска застапеност на изучување практични вештини (се предава „теорија“)<br>- Слабо опремени библиотеки<br>- Слаба/ниска атрактивност на професијата наставник/професор<br>- Стратегија за образование (често се менува),<br>- Проблеми со имплементација на стратегија и акциски план во моменти | - Ниска вработливост на работната сила<br>- Сеуште релативно голем степен на невработеност кај младата популација<br>- Заминување на поквалитетните студенти / работници во странство на студии / работа | - Развој на проектни единици по универзитетите за поголема апсорпција на ЕУ проекти (фокус на мобилност на студенти и наставен кадар, и инвестирање во опрема) **со цел поголема искористеност на проектите**<br>- Поголемо развивање на програми за талентирани ученици/студенти и нивно правилно кариерно насочување.<br>- Зајакнување на Центрите за извонредност за стручно образование (и од аспект на опрема и од аспект на квалитетни обуки на човечките ресурси во центрите)<br>- Транспарентен систем за полагање матура што ќе биде отпорен на влијанија и пропусти<br>- **Усогласеност на продуцираниот кадар со барањата на реалниот сектор**<br>- **Магистерските теми на студентите да бидат на реален проблем во компанија од индустрија**<br>- **Промена на методика на образование – од меморирање факти кон критичко размислување**<br>- **Професионална ориентација и кариерно насочување**<br>- **Можност за сертификација од страна на приватни компании**<br>- **Опремување инвестирање и одржување во образовните институции**<br>- **Поттикнување на финансиска писменост и иновативност низ процес на образование**<br>- **Иницијална обука на наставен кадар (особено предметна настава со методика на настава и психологија и педагогија)**<br>- **Нови наставни програми кои ќе базираат на избраните приоритети во индустријата (согласно паметната специјализација)** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на промена на власт / министер од друга политичка партија<br>- Не доволна вклученост на родителите во образовниот систем<br>- **Недостаток на поврзаност меѓу бизнисот и академија**<br>- **Ригиден систем на акредитација на студиските програми (да се дозволи флексибилност за менување до 20%)**<br>- **Преголем фокус на административни аспекти на процесот на акредитација**<br><br>- **ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ недоволно квалитетно и сеопфатно образование на возрасни**<br>- **Нема нов современ закон за образование на возрасни што во себе содржи валидација на знаења** | | - **Воспоставување на претприемачка култура во општеството**<br>- **Воспоставување на систем на правилна селекција, вреднување, унапредување и дообразование на наставниот кадар уште од претшколско образование**<br>- **Создавање на иновативни и претприемачки компетенции кај учениците на сите нивоа од образовниот систем (задржување на предметите поврзани со иновации и претприемништво во основното образование и гимназиите и воведување на претприемништво во стручното образование)**<br>- **Воспоставување на квалитетен вредносен систем во образовниот процес**<br>- **Нов закон за образование на возрасни што предвидува валидација на претходно стекнати знаења и вештини** |
| **Недостаток на работна сила - особено за некои квалификации**<br><br>**11** | - Емиграција (си заминуваат родители заедно со децата)<br>- Заминување на студии во странство без враќање назад<br>- Емиграција на квалитетна (квалификувана) работна сила<br>- Низок наталитет<br>- **Висок процент на невработено активно работоспособно население**<br>- **Голем процент на неактивни жени на пазарот на труд** | - Отсуство на квалитетен кадар во образовниот систем<br>- Невозможност за започнување со нови дејности/проекти<br>- Непропорционално високи плати за некои професии/струки<br>- Голем број жени од рурални средини што не се вработени | - Стимулирање на brain gain<br>- **Олеснување на процес на нострификација на странски дипломи**<br>- Субвенции за странски инвестиции од нашинци<br>- **Воспоставување на систем за надоместување на вештините кои недостасуваат во општеството преку соработка со дијаспората и мобилност на работна сила**<br>- Увоз на странска работна сила **под јасно дефинирани услови и критериуми**<br>- **Поголемо искористување на програмите за мобилност за Еразмус и Марија Кири Склодовска**<br>- Стимулирање на образовни профили за кои има недостаток на пазарот (преку инвестирање во тие |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | образовни институции (инфраструктура / наставници / професори)<br>- **Стратегија за намалување на одливот на мозоци**<br>- **Политика за развој на кадар за зелена и дигитална трансформација**<br>- **Активациска програма што ќе ги таргетира неактивните жени на пазарот на труд со вклучување на реалниот сектор** |
| **Мал извоз и извоз на производи со ниска додадена вредност**<br><br>**7 / 8** | - Отсуство на соодветни структурни реформи<br>- Фокус на „лон“ систем на производство<br>- Отсуство на тенденција/желба за креирање на нови производи и услуги<br>- Многу мал број на иновации<br>- Тенденција за градење, или за одржување на извозната конкурентност базирана на ниски цени, а не на висок квалитет | - Ниски стапки на економски пораст (БДП)<br>- Ниски приходи од извоз<br>- Висока увозна зависност на извозот<br>- Многу слабо освојување на нови пазари, или на нови пазарни нишки<br>- Конкурирање (градење на конкурентна предност) базирана на ниски цени (а послаб квалитет на производите)<br>- Низок степен на диверзифицираност на извозните производи (релативно висока производна концентрација) | - **Таргетирана поддршка** на извоз<br>- Поголема државна поддршка и промоција на извозно ориентирани компании (кофинансирање на заеднички настапи на меѓународни пазари, итн.)<br>- Поголемо користење на дијаспората за поврзување со тамошните пазари<br>- **Олеснување на пристапот до капитал на извозот (Пристап до финансирање)**<br>- **Алтернативни извори и инструменти на финансирање (пр. хеџ фондови)**<br>- **Советодавни сервиси за зголемување конкурентност (градење капацитет за поддршка на бизнисите) (Business support sector)**<br>- **Поврзување со домените на <u>смарт специјализацијата (зелена транзиција)</u>:**<br>- **Паметно земјоделство и храна со висока додадена вредност**<br>  - **ИКТ**<br>  - **Индустрија 4.0**<br>  - **Паметни објекти и одржливи материјали**<br>  - **Енергија за иднината**<br>  - **Туризам**<br>- **Производна диверзификација со нови производни групи** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - **Борба против нелојална конкуренција** |
| **Технолошки застарена опрема**<br><br>**6** | - Недостаток на пари за нова технологија<br>- Отпор кон воведување на најнова опрема во производните процеси (користење на опрема од втора рака)<br>- Слаба подготвеност на работната сила за работа со најнова опрема | - Производство на производи и услуги со (по)низок квалитет<br>- Ниски продажни цени<br>- Технолошка заостанатост (домашните фирми не се спремни да користат технологија од последна технолошка генерација, туку се „следбеници на следбениците“ во технолошка смисла)<br>- Релативно висок „шкарт“ во производните процеси<br>- Високи трошоци на производство | - Врзување во регионални и глобални снабдувачки синџири<br>- Субвенции за иновации (а не за „традиционално“ производство) – за нови производи/услуги<br>- Поголема поврзаност на компаниите со водечките факултети/универзитети во земјата каде концентрирано би се форсирало користење (и учење) за најнова технологија<br>- Посебни програми за поттикнување на вклучување на жени и девојки во СТЕМ<br>- **Поттикнување на центри за истражување и развој во бизнисите**<br>- **Задолжително обезбедување на интегрирана еколошка дозвола за сите индустриски капацитети**<br>- **Развиена инфраструктура во функција на бизнисот и граѓаните** |
| **Недостаток на организациски и раководни знаења и вештини** | - Базирање на „докажани“ (застарени) раководни техники и организација на работењето<br>- Проблеми со семејни фирми од аспект на наследување на сопственикот/менаџер<br>- Мал број жени на раководни позиции во реалниот сектор | - Отсуство на доволен број професионални и квалитетни менаџери<br>- Отсуство на голем број на успешни претприемачи<br>- Неискористен потенцијал на половина од населението | - Зајакнување на професионалните здруженија (и образовни институции) кои нудат високо квалитетна менаџмент обука и тренинг со фокус на поттикнување на жените да се вклучат во обука<br>- **Вклучување на менаџмент вештини во сите курикулуми на високообразовните институции**<br>- **Менторска** поддршка **и едукација** на менаџерите во семејните фирми за да се осигура успешно продолжување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **10** | | | на работата на фирмата по завршувањето на кариерата на претприемачот<br>- **Зајакната примена на практична работа во средното и високото образование**<br>- **Обуки за менаџмент на човечки ресурси**<br>- **Специјализирани школи за проектен менаџмент**<br>- **Поддршка за меѓународна сертификација**<br>- **Субвенции за учење / меѓународно сертифицирање за проектен менаџмент** |
| **Многу мал број на иновации (Слаб иновациски потенцијал)**<br><br>**9** | - Незаинтересираност за ангажирање во иновации<br>- Отсуство на стимулативни механизми (награди) за креирање иновации (се даваат субвенции за традиционални дејности и/или производи (на пр. тутун), а не за иновации) приспособени на жените, мажите и на ранливите групи граѓани<br>- Недостиг на финансии во фирмите за инвестиции во иновации<br>- Недоволна квалификуваност за иновирање | - Ниска позиција на ранг листите за иновативност во ЕУ и на светско ниво<br>- Мал број на патенти (и домашни и меѓународни)<br>- Релативно мал број на реализирани проекти за комерцијализација преку ФИТР (да се провери подетално каков е ефектот од финансираните проекти)<br>- | - Зајакнување на капацитетите на образовните институции за развој на иновации и претприемништво (од **предучилишно,** основно, преку средно до високо образование, потоа образование на возрасни итн.) со подигање на очекувањето за вклучување на девојчињата во иновации и претприемништво<br>- Зајакнување на улогата на ФИТР и од аспект на финансиски можности, но и од аспект на експертиза (нудење на услуги за на пр. иновациски менаџмент, развој на нови производи, интелектуална сопственост и сл.)<br>- **Поддршка за развој на потенцијални патенти или комерцијализација на патенти**<br>- **Приоритизација на зелени и одржливи иновацииа**<br>- Зајакнување на капацитетите и на МОН (од аспект на финансирање на научно-истражувачки проекти кои завршуваат со потенцијални патенти или комерцијализација) со поттикнување проекти предложени од жени истражувачи<br>- **Одржлив систем на финансирање на бизнис-секторот за технолошки развој** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Многу низок степен на вклученост / интегриранос т на домашни фирми во меѓународни и регионални „вредносни синџири“**<br><br>**8** | - Неподготвеност на домашните фирми, од различен аспект (работна сила, опрема, знаење, раководни вештини и сл.) за успешно интегрирање во меѓународни „вредносни синџири“<br>- Слаби владини стимулации за совладување на пречките за интегрирање на домашните фирми во меѓународни „вредносни синџири“<br>- Недоволна заинтересираност на странски фирми (и СДИ во Македонија) за вклучување на домашни фирми во нивните „вредносни синџири“ (за долгорочна техничко-технолошка кооперација и сл.) | - Отсуство на структурни реформи<br>- Пониски приходи на домашните фирми<br>- Отсуство на трансфер на технологија и знаење од странски во домашни фирми<br>- | - Зајакнување на капацитетите на провајдерите на образовни услуги во сегментот на логистика и снабдувачки синџири<br>- **Креирање на политика за поголема вклученост на домашни компании (преку даночни олеснувања или задолжително користење на домашни инпути)**<br>- **Поддршка за исполнување на стандардизација и сертификација на домашни компании (пример ЕСГ) за да работат за странските компании**<br>- **Брзи административни процедури**<br>- **Таргетирано финансирање на фирми кои имаат потенцијал да се вклучат во глобалните и регионалните синџири на снабдување**<br>- **Воспоставување на систем за трансфер на технологија и знаење од странски во домашни фирми**<br>- **Смарт специјализација во содејство со регионалните стратегии за смарт специјализација** |
| **Несоодветно (недоволно реформиран о), а често и непредвидл иво променливо домашно окружение за деловно работење** | - Спроведување на несоодветна „економска политика“<br>- Изразена корупција, криминал, непотизам и сл. од страна на носителите на економската политика<br>- Невладеење на правото<br>- „Инфлација од стратегии“, што ниту пак се спроведуваат интегрално<br>- Мешање на јавниот и приватниот интерес (особено кај јавните набавки)<br>- Недоволен квалитет на јавната администрација<br>- Сива економија<br>- Парафискални давачки | - Непредвидливи услови за деловно работење<br>- Преферирање на „лукративни“ краткорочни добивки, а не долгорочно планирање<br>- Отсуство на долгорочна ориентација на правецот на економскиот развој на економијата (може да се смени со промена на власта) | - Немешање на политиката во бизнисот / **зајакнат интегритет на политичките чинители**<br>- **Професионализација на клучните административни позиции**<br>- Потранспарентни јавни набавки<br>- Подобар **и независен** судски систем / **спроведување со законите и зајакнат инспекциски надвор и справување со корупцијата**<br>- Намалување на неформалната (сива) економија со посебен пристап кон жените вклучени во неформалната економија<br>- Фокус на индустрии кои имаат најголем приоритет (согласно стратегијата за паметна специјализација)<br>- **Отчетен систем за следење на трошењето на прибраните даночни средства** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **8 / 10** | | | - **Донесување на одлуки врз основа на евалуација на спроведени стратегии и кост бенефит анализи**<br>- **Поквалитетна и конзистентна законска регулатива**<br>- **Намалување на парафискални давачки**<br>- **Општествена промоција на деловна клима**<br>- **Развивање на клима за почитување на правила**<br>- **Респонзивни и отчетни институции како сервис на бизнис-секторот**<br>- **Професионална, ефикасна и одговорна јавна администрација**<br>- **Ефикасна и ефективна регулатива (согласно потребите и за потребите на бизнисот) која овозможува целосно слободен пазар и конкуренција** |

## ВИЗИЈА

Македонија во следните 20 години ќе стане:

- развиена, зелена, иновативна и ефикасна економија, со мотивирана и квалитетна работна сила, која ќе бележи континуиран прогрес и одржлива конкурентност, и ќе биде агилна на глобалните трендови.

**МИСИЈА**

Македонија преку синергија на бизнисот, државата и образовниот систем, ќе создава висококвалитетна работна сила, со вештини и знаења кои одговараат на потребите на пазарот на труд, кои ќе понудат производи и услуги со висока додадена вредност и' ќе овозможат конкурентност во динамичен и комплексен свет.

**Конкурентна, зелена, одржлива и иновативна економија со развој на претприемачка култура и вештини усогласени со барањата на модерниот пазар, квалитетни работни места, следење на технолошкиот развој и промоција на индустрии кои имаат потенцијал да се вклучат во глобалните вредносни синџири или да обезбедат извоз со висока додадена вредности во рамки на предвидлива, конзистентна и професионална деловна клима отпорна на корупција.**

**Мисија:** Високо развиена, изразено извозно ориентирана, одржлива и конкурентна економија во глобално ниво.